**АЈДУЧКА ТРЕВА (Achilleamillefolium L.)**

***ФамилијаAsteraceae (Compositae)***

Ајдучката трева е распространет вид, расте како рудерално растение покрај патиштата и пругите, на ливади,запустени места,од низините па се до планинските предели. Латинското име на растението доаѓа од името на грчкиот митски јунак Ахил (Achillea) кој со неа му ја лечел раната на Телефус, миле-илјада, фолиум-лист, затоа што листот е многу поделен. Тоа во превод значи Ахилова трева со илјада листови. Потекнува од Мала Азија и Кавказ. Распространета е по цела Европа. Ајдучката трева најмногу се употребува како народен лек слично како и камилицата, за внатрешна така и надворешна употреба. Се каристи за подобрување на апетитот и варење. Се употребува и за исфрлање на желудечни и бубрежни камчиња. Нашла примена и во козметичката и во фармацевската индустрија. Кај нас не се одгледува како културно растение, иако постојат погодни почвени и климатски услови. Откуп постои, но тој е насочен на растенијата кои се собирани од страна на собирачите на билки.

**Опис на растението** – Ајдучката трева е повеќегодишно зелесторастение. Коренот е добро развиен. Има исправено влакнесто стебло со висина од 80 cm. Листовите се долгнавести, сложено перести и од двете страни се покриени со влакненца. Цветните главици се ситни, со големина до 5 mm. По боја се бели и се собрани на врвот во штитесто соцветие. Исушената херба (цвет и дел од стеблото со листови) имаат ароматична миризба, а горчлив вкус кои произлегуваат од азуленот-етеричното масло што го содржи. Цвета преку цело лето. Семето е многу ситно со издолжена елиптична форма, со светло кафена боја. Зрелото семе има висока ртливост и рти веднаш после бербата. Добро поднесува ниски температури како и летни високи температури и суша. Целоторастение е жилаво и формира цврст и густ бусен.





**Одгледување**

**Почва** – Ајдучката трева нема изразени барања кон почвата. Може да се одгледува на кисели и на алкални почви. Сепак, најдобри приноси дава на длабоки, плодни почви. Почви со многу азот треба да се избегнуваат. Подобро успева на сончевити и топли локалитети.

**Плодоред** – Ајдучката трева останува на истата парцела повеќе години, така што не треба да се прави плодоред. Треба да се води сметка за видовите кои биле пред неа на парцелата. Најдобри предходници се оние видови кои ја оставаат почвачиста од плевели. Легуминозните растенија не се добар предходник за ајдучката трева.

**Ѓубрење** – Не се препорачува ајдучката трева да се ѓубри директно со арско ѓубриво. Пожелно е претходната култура да биде добро наѓубрена. За основно ѓубрење на ајдучката трева се препорачува НПК ѓубриво со нагласена фосфорна компонента која го стимулира развојот на цветот.

**Размножување** – Ајдучката трева се размножува со директна сеидба на семето на нива или преку расад. Директната сеидба треба да се изведе во пролет или доцна во лето. Во лето сеидбата се изведува во почетокот на септември. Во пролет ајдучката трева се сее во март или најдоцна до половината на април. За пролетната сеидба потребно е од 300 до 500 gсеме. За есенска сеидба е потребно од 1 до 2 kg насеме во зависност од чистотата на семето и подготовката на почвата. Семето прортува за две до три недели и при летната седба до зима билките доволно се развиваат за да презимат без поголеми проблеми. Се сее со сеалки со растојание помеѓу редовите од 50 до 60 cm. Редовите се непрекинати. Се сее во бразди без покривање. По сеидбата површината треба да се помине со мазен ваљак при што семето доаѓа во контакт се земјата.

За наши услови сметаме дека подобро е да се одгледува преку расад, поради сушните услови кои владеат во текот летото ако е пролетна сеидба или во месец септември ако е есенска сеидба, како и поради поголемите количества на семе кои се потребни за директна сеидба. Ако се одгледува преку расад подобро е да пред сеидбата семето да се помеша со ситна песок, бидејќи семето е многу ситно. Садењето може да се изведува во два рока пролетен и есенски. Ако се сади во есен расадот на ајдучката трева треба да биде готов за расадување до есен. Садењето се изведува на добро израмнета и иситнета земја во се прават плитки бразди со длабочина од 5 до 8 cm. На растојание од 50 – 60 cm една од друга. Раздалеченоста помеѓу растенијата во редот треба да биде од 20 до 25 cm. Расадот се става секогаш на истата страна од браздата за да се одржи меѓуредното растојание. Расадот се потрупува со земјата која треба добро да се притисне. За еден хектар е потребно да се обезбедат од 66000 до 80000 растенија.

**Нега-**Ајдучката трева не бара многу нега. Треба да се окопува и да се прихранува. Окопувањето е редовна агротехничка мерка на нега и започнува веднашштом ќе се формираат редовите. Во текот на вегетацијата потребно е да се направат 2 до 3 окопувања, а по потреба и повеќе, во зависност од почвата. Таа се прихранува два пати, на почеток и на крај од вегетацијата. Се прихранува со 100- 200 kg на KAN.

**Берба** – Од  ајдучката трева се употребува цветот со дел од стеблото со должина од 25 cm(т.н.херба) или пак само цветот. Се бере кога е во фаза на цветење. На поголеми површини се бере машински, а на помали рачно. Во првата година на одгледување се бере еднаш, во текот на јули, а во другите години два пати, во јуни и крајот на август. Се суши во сушари со топол воздух на температура од 40 до 60 степени целзиусови. За добивање на еден килограм сува херба се потребни 4 kg насвежа маса.

**Принос** – Во првата година на одгледување може да се добие 1.500 до 2.000kg/ha сува херба, а во подоцните години се добива и до 6.000 kg/ha. Приносот на чист цвет во првата година е до 1.000 кг/ха, а во другите години може да изнесува и до 3.000 kg/ha.

